Машински факултет
Број 02-1299/1
15.10.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), во врска со примената на студиските програми на прв циклус на студии кои се воведоа во учебната 2017/2018 година и роковите за завршување на студиите по студиските програми воведени во учебната 2012/2013 година, на предлог од Продеканот за наставна дејност, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 2-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 15 октомври 2020 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за примена на студиските програми од прв циклус студии кои се воведуваат во учебната 2017/2018 година

1. Во Одлуката за примена на студиските програми од прв циклус студии кои се воведуваат во учебната 2017/2018 година број 02-1257/1 од 30.06.2017 година и број 02-1871/1 од 27.09.2018 година, точка 1. подточка 1.1. алинеја 4 се менува и гласи:

„80% од втора година на студии (трети и четврти семестар) до крајот на учебната 2019/2020 година, со дополнителен услов да имаат потпис од сите предвидени предмети во студиската година"

2. Во точка 1. подточка 1.2. алинеја 2 се менува и гласи:

„80% од втора година на студии (трети и четврти семестар) до крајот на учебната 2019/2020 година, со дополнителен услов да имаат потпис од сите предвидени предмети во студиската година"

3. Во точка 2. подточка 2.1. после алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„во учебната 2020/2021 година нема да ги презапишуваат и да следат настава по заостанатите предмети од втора година"

Алинеја 4 станува алинеја 5.

4. Во точка 2. подточка 2.2. после алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„во учебната 2020/2021 година нема да ги презапишуваат и да следат настава по заостанатите предмети од втора година"

Алинеја 4 станува алинеја 5.

5. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба, огласна табла, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев